## ДЕЈВИД "NOKIA" БОУВИ



Дејвид Боуви и најпознатата фирма за мобилни телефони "Nokia" ги здружија силите, па наскоро Боуви со својата музика ќе го промовира новиот дигитален програм "Nokia Music Service". Боуви изразил големо задоволство од остварената соработка и очекува позитивни резултати. По учеството во неколку помали хуманитарни акции, според најновите информации, Боуви влегува во студио за да работи на својот нов албум.

## АБРАМОВИЧ "КРАЛУВА" ВО БРИТАНИЈА

Индискиот челичен тајкун Лакшми Митал и рускиот бизнисмен Роман Абрамович се најбогатите луѓе во Велика Британија, наведува весникот "Сандеј тајмс". Богатството на Митал е 13,2 милијарди фунти (19,5 милијарди евра), додека Абрамович, сопственик на фудбалскиот клуб "Челзи" на своето конто има вкупно 10,8 милијарди фунти. Минатата година Абрамович имал 7,5 милијарди фунти. Вкупната сума на најбогатите луѓе во Велика Британија годинава е повисока за 18 отсто - 343 милијарди лани и 406 милијарди фунти во 2006 година. Од останатите богаташи, на "топ-листата" се Дејвид и Викторија Бекам, кои заедно имаат 87 милиони фунти, а "Битлсот" Сер Пол Макартни има богатство вредно 825 милиони фунти. Доколку изгуби 200 милиони фунти за разводот од Хедер Милс, Пол ќе "излезе" од "топ-100".









## ТОМ КРУЗ - НАЈАНТИПАТИЧЕН



Јавноста сè помалку го "мириса" Том Круз, кој е изгласан за најнепопуларна филмска ѕвезда во САД. Анкетата за популарност, спроведена од страна на USAToday/Gallup, открива дека неговата глума во приватниот живот не се продава најдобро. 34 проценти од испитаните признаваат дека би "скршнале од својот пат" за да избегнат да го гледаат на големото платно. Том Хенкс е на врвот на списокот со 44 отсто кои би ја нарушиле инерцијата за да гледаат филм со него. По Хенкс следува Роберт де Ниро со 33 проценти, Џулија Робертс со 29 отсто и Вил Смит и Сандра Булок со 27 проценти, се вели во анкетата.